Искра Димитрова

Утрински Весник бр. 2112, 18

**ИНТЕРВЈУ**

# Реоткривањето на градот е и реоткривање на луѓето

**ИСКРА ДИМИТРОВА**

Ликовната уметница со инсталацијата во темнина „Алиса“ го реоткрива подземниот простор на Музејот на град Скопје

КАТЕРИНА БОГОЕВА

**„Алиса - мапирање на атопичното (естетика на атоплината)“ е насловот на Вашето најново дело кое вечерва ќе ѝ го понудите на скопската публика, со можност и таа во него да учествува. Што сѐ крие и што очекувате да открие „Алиса“?**

- „Алиса“ е комплексен истражувачки проект, инсталација од темнина, лед диоди и звук каде што се губи чувството за просторот, каде што посетителот во текот на целава година би можел да се повлече од дневните активности на општествен ангажман, статус, па дури и идентитет и да се впушти во една поинаква игра. На друго ниво тоа е истражување на прагот на осетливост на сетилата - границата на видливото, тактичното, чујното, мирисното...

На пример и најобичното 10-минутно слушање на сусумуши (бубачка која Јапонците ја чуваат во аквариум само поради звукот што го продуцира) ви „отвора“ еден куп звуци кои отсекогаш биле околу вас, но едноставно сте биле „глуви“ за нив, сметајќи ги за ирелевантни. „Алиса“, во крајна линија, е еден вид социјален експеримент, потполно интерактивен проект, каде што се истражуваат кодовите на човековата комуникација - личен/социјален простор, телесен говор... На пример, кое е општествено-прифатливата дистанца меѓу луѓето, која ако се намали, човек се чувствува нелагодно? Зошто лицата со повисок социјален статус смеат да го прекршат овој простор кон оние со понизок статус, но не и обратно? Во „Алиса“ се прави обид да се создаде еден нов „јазик“ во комуникацијата.

Денеска проектот во подземниот простор на Музејот на град Скопје ќе биде отворен во првата фаза - за потенцијални учесници во перформансот т.е. за секој кој би сакал да се вклучи во неговото истражување. По изборот на учесниците, ќе биде организиран дводеделен workshop, по чие завршување проектот ќе биде отворен и за поширока публика. Заинтересираните се пријавуваат на alicemapping@gmail.com <mailto:alicemapping@gmail.com>, со што се закажува термин за посета.

Инаку, музиката во проектот повторно е на Дамјан Цветков-Димитров, кој многу успешно одговори на преамбициозните побарувања на проектот, а технички асистенти за реализација на инсталацијата беа Дејан Петрушиевиќ и Марико Кумагаи. Крајната цел на проектот е да се создаде еден позитивен простор во кој луѓето ќе се чувствуваат убаво, релаксирано, прифатено. Проектот ќе биде интересен за учесниците, како еден вид самоистражување, истражување на механизмите на функционирање на социјалната група и отворање на сетилата. Крајниот продукт ќе биде научноистражувачка програма.



**ОТКРИВАЊЕ** Подземниот простор на Музејот на град Скопје во кој ќе се одвива „Алиса“ во минатото бил премин од еден во друг перон, сега повторно простор на концентрација на луѓе, на (не)комуникација меѓу непознати, на случајни средби...

**Подолг период отсуствувавте со самостојни изложби на македонската ликовна сцена, а оваа пролет и почетокот на летово, еден по друг презентирате два проекта зад кои стојат и подолги авторски истражувања. Дојде ли време за празнење на куферите и во Македонија?**

- По толку време, сватив дека ние сме тие што си го правиме животот повеќе или помалку убав. Сакам да направам нешто со што би им го направила животот на луѓето кои живеат во мојата земја ако не поубав барем побогат, поразличен. Како уметник би требало да го пренесам она што го имам. Немам намера да се занимавам со нечии негативни енергии, а би била среќна ако може да направам нешто добро.

**Со проектот „Historyofasexuality“ во Скопје мошне успешно оживеавте една подзаборавена приказна за берберниците, ја внесовте сопствената енергија во забранетиот за жени, машки простор, а проектот „Алиса“ го поставувате во дел од градското подземје.Од каде провокацијата за реоткривање на градот?**

- „Historyofasexuality“ започна сосема „невино“, од мојот дом, од фотографии кои мислев дека ги правам само за себе, за потоа да се врзат во една целина на приказни за влакната и нивните сопственици, со силниот имиџ на берберскиот стол, кој па провоцираше серија интервјуа со и за берберите и истражување за специфичната атмосфера на берберницата како ексклузивно машки простор. Интересни се сите овие приказни, уживавав во целиот процес на откривање. Иако траеше само еден ден, „женската берберница“ („женска“ во догматската смисла на терминот) мислам дека предизвика убава комуникација, за која ми е многу драго. Проектот е документиран на <http://iskradimitrova.fortunecity.com>.

Реоткривањето на градот е истовремено реоткривање на луѓето, на нивните лични доживувања, на просторите за кои луѓето се врзувале, им давале идентитет, којпак со текот на времето се трансформирал. Подземниот простор на Музејот на град Скопје во кој ќе се одвива „Алиса“, во минатото бил премин од еден во друг перон, сега повторно простор на концентрација на луѓе, на (не)комуникација меѓу непознати, на случајни средби...

**Кои Ви се плановите за годинава, ќе се презентирате ли повторно во странство или ќе го фрлите за подолго време сидрото дома?**

- Повеќето идеи и планови се однесуваат на нови проекти, истражувања. Апстрахирајќи го финансискиот момент, дома ми е најфино за ваков вид на работа. Обично во странство патувам со проекти кои веќе биле реализирани и апсолвирани, па не ми се многу привлечни. Се повеќе мислам дека уметноста се однесува многу повеќе на истражувачкиот процес отколку на финалниот производ.

ВЕСТИ